ПРЕДЛАГАЧИ: ГРУПА ПРАТЕНИЦИ

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ,
# ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, мај 2025

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: E pranuar: | 05. 05. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 2581/1 | | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за дополнување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски

Ели Танова

Дафина Стојаноска

Никола Мицевски

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во моменов, согласно постојниот текст на Законот за урбанистичко планирање стручната расправа за донесувањето на урбанистичките планови од член 10 став (1) точки 1 и 5 од овој закон трае најмалку вкупно 45 дена, односно јавна презентација со најмалку 30 дена и најмалку 15 дена за доставување на забелешки по денот на одржувањето на стручната расправа.

Со оглед дека во постапка на донесување е нов Закон за енергетика, како и фактот дека Република Северна Македонија има за цел постепен премин на обновливи извори на енергија и напуштање на користењето на необновливите извори на енергија се наметна потребата од предвидување на пократки рокови за урбанистичките планови кои се однесуваат на објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (ветерна, сончева и хидро енергија), па од тој аспект со предложените измени се уредува спецификата за пократки рокови за овој вид на урбанистички планови.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Основни цели на Предлогот на законот за дополнување на Законот за урбанистичко планирање е предвидување на пократки рокови во дел од постапката за урбанистичките планови кои се однесуваат на објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (ветерна, сончева и хидро енергија), односно во делот на стручната расправа, како стратешка цел на Република Северна Македонија во делот на промоцијата и потребата од поголемо користење на обновливи извори на енергија.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на Закон за дополнување на Законот за урбанистичко планирање не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија и спроведувањето на законот не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлог на законот по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Член 1

Во Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) по членот 49 се додава нов член 49-а кој гласи:

„Член 49-а

По исклучок од членот 49 од овој закон, постапката за изработување на урбанистичките планови од член 10 став (1) точка 5 од овој закон, кои се однесуваат на објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (ветерна, сончева и хидро енергија), се состои од задолжително спроведување на јавна презентација која изнесува најмногу 10 дена, врз основа на претходно објавен општ јавен повик во времетраење од најмногу 5 дена пред денот на одржувањето на јавната презентација.Јавната презентација и општиот јавен повик ги спроведува односно објавува органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Во постапката за изработување на урбанистичките планови од член 10 став (1) точка 5 од овој закон, кои се однесуваат на објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (ветерна, сончева и хидро енергија) не се применуваат одредбите од членот 49 од овој закон.“

Член 2

Започнатите постапки за изработување на урбанистичките планови од член 10 став (1) точка 5 од овој закон кои се однесуваат на објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (ветерна, сончева и хидро енергија), за кои до денот на влегувањето во сила на овој закон не е објавен општ јавен повик, ќе продолжат согласно одредбите од овој закон.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на Законот за дополнување на Законот за урбанистичко планирање е систематизиран во 3 члена.

Со членот 1 се додава нов член 49-а кој се однесува на спецификата при изработување на урбанистичките планови за објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (ветерна, сончева и хидро енергија), и тоа истата се состои од задолжително спроведување на јавна презентација која изнесува најмногу 10 дена, врз основа на претходно објавен општ јавен повик во времетраење од најмногу 5 дена пред денот на одржувањето на јавната презентација. Со ова се предвидуваат кратки рокови за изработка на овој вид на планови, со оглед дека овој вид на објекти се поставуваат најчесто во ненаселени места, а имајќи во предвид дека е во тек донесување на нов Закон за енергетика, измената на Законот за урбанистичко планирање се предлага од аспект на важноста на целосната уреденост на сите постапки поврзани со поставувањето односно градењето на обновливите извори на енергија, кои претставуваат стратешки важна и долгорочна цел на Република Северна Македонија кон преминот на производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија наместо од необновливи. Со тоа ќе се забрза процесот за намалување на користењето на јагленот, нафтата и другите необновливи извори на енергија односно Република Северна Македонија ќе стане дел од земјите кои придонесуваат кон намалувањето на ефектите на стаклена градина како и кон намалувањето на глобалното загревањето на планетата Земја, а со самото тоа и со масовната експлоатација на сите необновливи извори на енергија кои се помалку ги има.

Членот 2 претставува преодна одредба која уредува како ќе се постапува, односно роковите кои би се примениле за започнатите постапки за овој вид на специфични урбанистички планови за кои не бил објавен општ јавен повик до денот на влегувањето во сила на овој предлог закон.

Со членот 3 се уредува влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенија содржани во одредбите од овој предлог закон се меѓусебно поврзани и се надополнуваат и како такви прават една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се обезбедат услови кои придонесуваат кон забрзан премин на Република Северна Македонија кон производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија преку промовирање на пократки рокови во дел од постапката за урбанистичко планирање за објектите за производство на електрична енергија од обновливи извори (ветерна, сончева и хидро енергија).

ИЗВОД
НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ
КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Со Предложениот текст на Предлог законот не се менуваат одредби од постојниот Закон.